Врз основа на член 54, став (1), точка 1.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 20 мај 2026 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ И ОДОБРУВАЊЕ, КАКО И НАДОМЕСТУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА ТРОШОЦИТЕ НА ОПЕРАТОРОТ НА ЕЛЕКТРОПРЕНОСНИОТ СИСТЕМ И НОМИНИРАНИОТ ОПЕРАТОР НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НАСТАНАТИ ЗА СПОЈУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ ВО ТЕКОВНИОТ ДЕН И ДЕН ОДНАПРЕД**

**Член 1**

Со овој правилник се уредува начинот и условите за утврдување и одобрување, како и надоместување и распределба на трошоците на операторот на електропреносниот систем (во понатамошниот текст: ОЕПС) и Номинираниот оператор на организираниот пазар на електрична енергија (во натамошниот текст: НЕМО) настанати за потребите од спојувањето на пазарите на електрична енергија за ден однапред и во тековниот ден.

**Член 2**

Одредбите од овој правилник се применуваат на трговските друштва кои ги вршат регулираните дејности пренос на електрична енергија и управување со организираниот пазар на електрична енергија (во понатамошниот текст: регулирани друштва).

**Член 3**

Одобрувањето и распределбата на трошоците согласно начинот и постапката утврдени во овој правилник, имаат за цел да обезбедат транспарентно утврдување на трошоците за спојување на пазарите на електрична енергија и ефикасна распределба на тие трошоци помеѓу ОЕПС и НЕМО согласно утврдените обврски и одговорности во процесот на спојување на пазарите.

**Член 4**

(1) Трошоците поврзани со обврските на ОЕПС и НЕМО коишто произлегуваат од Законот за енергетика* за воспоставување, ажурирање или понатамошен развој на алгоритмот за ценовно спојување, континуирано тргување и оперативно спојување на пазарите ден однапред и во тековниот ден се проценуваат и одобруваат од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика).
(2) Оправданите трошоци од ставот (1) на овој член треба да бидат разумни и сразмерни и треба да се покријат преку тарифата за пренос на електрична енергија и надоместокот за користење со организираниот пазар на електрична енергија.
(3) Трошоците од ставот (1) на овој член можат да бидат заеднички, регионални и национални како што се дефинирани во член 125 од Законот за енергетика*.
(4) ОЕПС и НЕМО во државите членки на Европската унија и договорните страни на Енергетската заедница заедничките трошоци од ставот (3) на овој член ги делат така да:

1. една осмина од заедничкиот трошок се дели подеднакво помеѓу државите членки на Европската унија и договорните страни на Енергетската заедница,
2. пет осмини се делат помеѓу државите членки на Европската унија и договорните страни на Енергетската заедница пропорционално на нивната потрошувачка на електрична енергија,
3. две осмини се делат помеѓу вклучените НЕМО.

(5) НЕМО и ОЕПС во рамки на регионот на координирана пресметка на капацитети заеднички изработуваат предлог договори со кои се уредува поделбата на регионалните трошоци од ставот (3) овој член и ги доставуваат на одобрување на Регулаторната комисија за енергетика. НЕМО и ОЕПС кои соработуваат во регионот на координирана пресметка на капацитети може алтернативно да ги користат правилата за поделба на трошоците од овој член.

(6) НЕМО и ОЕПС доставуваат годишен извештај до Регулаторната комисија за енергетика во кој детално се објаснети трошоците за воспоставување, изменување и работење на спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден.

**Член 5**

(1) Трошоците на НЕМО за воспоставување, ажурирање и натамошен развој на алгоритмите за ценовно спојувањето и спојување на пазарите ден однапред, трошоците за воспоставување, ажурирање и натамошен развој на алгоритмите за континуирано тргување и спојување на пазарите во тековниот ден, како и трошоците за единствено спојување на пазарот ден однапред и во тековниот ден се проценуваат и одобруваат од страна на Регулаторната комисија за енергетика.
(2) Дел од трошоците од став (1) може да се покријат и од ОЕПС врз основа на склучен договор помеѓу НЕМО и ОЕПС.
(3) Во рок од два месеци од изготвена проценка на трошоците од страна на НЕМО и ОЕПС, до Регулаторната комисија за енергетика се доставува предлог за тоа кои трошоци ќе бидат покриени од ОЕПС преку тарифата за пренос на електрична енергија, согласно договорот од став (2).
(4) Трошоците од ставот (1) коишто нема да бидат покриени од ОЕПС, ќе бидат дел од надоместокот за користење на организираниот пазар на електрична енергија.

**Член 6**

(1) Трошоците распределени со овој правилник се земаат во предвид при утврдување на регулираниот максимален приход согласно Правилникот и методологијата за формирање на тарифи за пренос на електрична енергија, пазар на електрична енергија на големо и дистрибуција на електрична енергија.
(2) При утврдување на регулираниот максимален приход Регулаторната комисија за енергетика го зема пред извештајот од член 4 став (6) од овој правилник.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр. 01-807/1** **Претседател на**

**20 мај 2026 година** **на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на**

**Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на член 54, став (1), точка 1.2 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија донесува Правилник и методологија за утврдување и одобрување, како и надоместување и распределба на трошоците на операторот на електропреносниот систем и НЕМО настанати за спојување на пазарите во тековниот ден и ден однапред.

Согласно член 119 став (7) од Законот за енергетика* за исполнување на своите обврски како НЕМО, операторот на организиран пазар на електрична енергија од членот 118 од законот, по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, утврдува надоместок за регистрација и донесува тарифа за тргување на организираниот пазар на електрична енергија.

Врз основа на член 54 став (1) точка 2 потточка 2.9 од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика, одобрува одлука за износ на надоместоците кои се наплатуваат за учество на организираниот пазар на електрична енергија и за реализација на трансакции.

Во членот 125 став (1) од Законот за енергетика* е уредено дека трошоците за спојување на организираните пазари на електрична енергија се однесуваат на воспоставување, ажурирање или понатамошен развој на алгоритмот за ценовно спојување, континуирано тргување и оперативно спојување на пазарите ден однапред и во тековниот ден.

Согласно истиот член, трошоците од ставот (1) се поделени на:

1. заеднички трошоци кои произлегуваат од координираните активности на сите НЕМО и оператори на електропреносни системи од договорните страни на Енергетска Заедница и држави членки на Европската Унија;
2. регионални трошоци кои произлегуваат од активностите на НЕМО и операторите на електропреносните системи кои соработуваат во одреден регион;
3. национални трошоци кои произлегуваат од активностите на НЕМО и операторот на електропреносниот систем во Република Северна Македонија.

Заедничките трошоци се делат меѓу НЕМО и операторите на електропреносните системи од договорните страни на Енергетска Заедница и држави членки на Европската Унија во согласност со правилата кои важат во Европската Унија. Во моментот распределбата на заедничките трошоци согласно член 80 став (2) од Регулативата CACM е следна:

Операторите на електропреносните системи и НЕМО во државите членки на Европската унија и договорните страни на Енергетската заедница заедничките трошоци ги делат така да:

1. Една осмина од заедничкиот трошок се дели подеднакво помеѓу државите членки на Европската унија и договорните страни на Енергетската заедница,

2. Пет осмини се делат помеѓу државите членки на Европската унија и договорните страни на Енергетската заедница пропорционално на нивната потрошувачка на електрична енергија,
3. Две осмини се делат помеѓу вклучените НЕМО.

НЕМО и операторите на електропреносните системи кои соработуваат во одреден регион заеднички изработуваат предлог договори со кои се уредува поделбата на регионалните трошоци. Предлог договорите Регулаторната комисија за енергетика и надлежните национални тела на секоја договорна страна на Енергетска заедница и држава членка на Европската Унија во регионот поединечно ги одобруваат. НЕМО и операторите на електропреносните системи кои соработуваат во одреден регион може алтернативно да ги користат правилата за поделба на трошоците.

НЕМО и операторот на електропреносниот систем, заедно со НЕМО и операторите на електропреносните системи во договорните страни на Енергетска заедница и државите членки на Европската Унија, доставуваат годишен извештај до Регулаторната комисија за енергетика и до останатите регулаторни тела, во кој детално се објаснети трошоците за воспоставување, изменување и работење на спојувањето на пазарите ден однапред и во тековниот ден.

Трошоците кои се директно поврзани со спојување на пазарите ден однапред и во тековниот ден се јасно и одделно идентификувани и подлежат на ревизија.

Регулаторната комисија за енергетика на 15 јануари 2026 година до АД МЕПСО Скопје, како оператор на електропреносниот систем, и МЕМО ДООЕЛ Скопје, како оператор на пазар на електрична енергија којшто воедно е оператор на организиран пазар на електрична енеригја и номинран оператор на пазар на електрична енергија, електронски побара мислење по вториот Нацрт текст на Правилник и методологија за утврдување и одобрување, како и надоместување и распределба на трошоците на операторот на електропреносниот систем и НЕМО настанати за спојување на пазарите во тековниот ден и ден однапред. АД МЕПСО Скопје не достави забелешки, додека МЕМО ДООЕЛ Скопје предложи ставот (2) од членот 4 да се измени во насока дека оправданите трошоци треба да се покријат, покрај преку тарифата за пренос на електрична енергија, и преку тарифата за користење на пазарот на електрична енергија со билатерални договори наместо надоместокот за користење со организираниот пазар на електрична енергија. Регулаторната комисија за енергетика, го разгледа овој предлог и имајќи ја предвид Регулативата за воспоставување на упатство за доделување на капацитети и управување со загушувањата, член 5 од Законот за енергетика*, како и размена на искуства со регулатор од земја членка на Европската унија, го финализираше овој предлог Правилник.

Регулаторната комисија за енергетика на 05 мај 2026 година донесе Решение бр. 02-705/1 од 05 мај 2026 година со која закажа подготвителна седница по предлог Правилникот, којашто се одржа на 19 мај 2026 година. Исто така, Регулаторната комисија за енергетика го објави предлог Правилникот и на својата веб страница и ги покани заинтересираните и засегнатите страни да достават свои коментари забелешки најдоцна до 18 мај 2026 година до 16:00 часот. До одржувањето на Подготвителната седница до Регулаторната комисија за енергетика не беа пристигнати коментари и забелешки. На подготвителната седница МЕМО ДООЕЛ Скопје ја повтори забелешката доставена на 15 јануари 2026 година. Исто така на 19 мај 2026 година МЕМО ДООЕЛ Скопје електронски достави допис бр. 1009-7008/1 од 19 мај 2026 година со своите предлози и забелешки.

Имајќи го предвид горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика ги донесе Правилникот и методологија за утврдување и одобрување, како и надоместување и распределба на трошоците на операторот на електропреносниот систем и номинираниот оператор на организираниот пазар на електрична енергија настанати за спојување на пазарите во тековниот ден и ден однапред.